ПОПОВИЌ

НА КОРИЦАТА:
ДЕТАЉ ОД СЛИКАТА, „НЕ БЛАГОДАРАМ!“

МУЗЕЈ НА
СОВРЕМЕНАТА
УМЕТНОСТ
СКОПЈЕ

ГАЛЕРИЈА
„В И Д И Ц И“

МИЌА ПОПОВИЌ
MIĆA POPOVIĆ

27. IV — 17. V 1978

THE MUSEUM OF CONTEMPORARY ART
S K O P J E

Размислувајќи за **човекот и уметникот** МИЌА ПОПОВИЌ, се запрев на Василие Кандински, на неговите „3 основни мистични елементи што ја чинат внатрешната нужност“:

изразувањето на сопствената личност, изразувањето на своето време, изразувањето особеностите на уметноста

Сметам дека оваа поделба на таткото на модерното сликарство, ќе ми овозможи полесно да ги соопштам најелементарните вистини за овој **сликар и дарител** на Музејот на современата уметност во Скопје, со кој нашта куќа го продолжува циклусот презентирања од Галеријата „Видици“, со кои настојуваме да ги посочиме активностите на оние наши современици, кои интензивно и полнокрвно ја живеат и ликовно ја отелотворуваат ововременоста.

личноста

Домените на сликарството, литературата, филмот и театарот, во кои епизодно или трајно е „замешан“ Миќа Поповиќ, не се толку импресивни како бројност на дејствувања, колку што се индикативни за широчината на љубопитноста и интересирањата на авторот. А уште повеќе се впечатливи како конгломерат на повеќезначни искуства, како граѓа за неговата животна и уметничка филозофија.

Низ Сцилите и Харибдите на судбината, уметникот настојува да изгради една идеална ликовна форма на својот хуманистички став. Став кој како појдовници ги има искреноста, чесноста, вистината, човекољуби ето... .

Уште 1950 година тој пишува: „Ми се чини дека единствено потполната искреност при избирањето на мотивот и пред избраниот мотив може да ја услови вистинската уметност“.

Интегритетот на неговото творечко живеење познава едно бескомпромисно, некомформистичко и консеквентно трагање за вистината во уметноста и животот. Како активен набљудувач и учесник во идејните мени на општеството, спремен секогаш одново да почне, Поповиќ постојано ни ја докажува својата неуморна **упорност** да дојде до најсовршената ликовна адекватност на неговата животна идеологија.

Ваквите негови сфаќања едноставно и без мистификации се широкоградо понудени во неговите слики: од реалистичките почетоци до денешните остварувања.

времето

Миќа отсекогаш сакал да биде динамичен сведок на своето време, содејствувач во нашите дилеми, проблеми, состојби и барања. Желба што секако коинцидира со најзначајната мисија на уметникот денес: да го изразува мигот што го живее и сегашниот човек како негова должност и обврска кон оваа епоха. И покрај тоа што својата творечка фаза „Призори“, авторот вели дека ја создава од желбата **да сведочи,** да го бележи секојдневието на кое му припаѓаме (активно или пасивно), без амбиции да зазема било какви позиции, мислим дека неговите **сцени од денешниот живот** не се и не можат да бидат гола фактографија и формална регистрација. Зошто не може да се обликува, а при тоа да не се искаже својата мисла и суд. Секој активен творечки чин е веќе толкување на одреден настан, состојба или ситуација. Факт е меѓутоа дека духовниот и оп-

тимистичкиот објектив на авторот е суперсензибилен и ги регистрира најфините, неуловливите психолошки катчиња на човечката душа, најболните драми и особености на современоста: отуѓеноста, лагата, безизлезноста, тагата, страдањата, обесчовечувањето. Сфаќајќи го сликарството како **„морален акт"**, авторот се вовлекува во крвотокот на едно темно, брутално човечко подземје, во епидермата на неговото суштествување, црпејќи го екстрактот од животната материја за да ги обликува своите импресивни визии на едно дно што бара спас од натамошно тонење во бунарот на неповратноста. Социјалните драми на современите печалбари, тажните бескуќници, рударите и проститутките, набиени со емоционалната тензија на сочувството, сведочат за едно континуирано, аналитичко испитување суштината на егзистенцијата и апел за решавање на сите зла, повик за похумана стварност.

Полнокрвните актери на овие слики, обележени со лузните на животното искуство и ситуациите во кои ги среќаваме, покренуваат редица општествени, социолошки и филозофски прашања. На нив авторот сам одговара сликајќи го својот јунак Гвозден (мошне елоквентно зборува веќе и самото име), митски впечатлив, нескршлив, со челична волја и снага, страсен во блудничењето, голем во страдањето и осаменоста — една југословенска варијанта на полковникот Аурелијано Буендија на Маркес. Но, истовремено со својот оптимизам и верба во човекот, свесен за својата надмоќност, Гвозден достоинствено и гордо им се спротивставува на темните нешта, сметајќи ги за совладлива ефемерност.

Сликајќи го мошне ангажирано и свесно (надвор од случајноста и интуицијата) овој хуманистички насочен антропоморфизам, Поповиќ се чини како два пати да го живее животот — со таква импулзивна идејна и ликовна страст го инкорпорира егзистенцијалниот инкарнат во црно-белите кадри на платното.

Затоа овие негови слики како чистилишта на душата, со впечатливоста на раскажувачката моќ, интензитетот на доживувањето и универзалниот карактер на мислата ги доведувам во релација со Достоевски и Маркес, Кафка, Бетовен и Бах, Гоја, Рембрант, Ел Греко и Каногар. А сите тие сведочеле за својата епоха но, во исто време останале актуелни и за нас.

Токму затоа овие дела раздразнуваат, возбудуваат, вознемируваат или одушевуваат но, никогаш не нè оставаат во инертноста на рамнодушноста, секогаш не принудуваат на активен однос.

особеностите на уметноста

Иако поминува низ искушенијата на импресионизмот, експресионизмот, социјалистичкиот реализам, енформелот и радикалниот реализам, од „Селото Непричава" (кога ја бара врската меѓу традицијата и современоста), преку „Од магла до коските" (кога оди во светот на непредметното), до „Призорите" (враќање кон обликот од 1971 година наваму), Мика Поповиќ не ја менува суштински снажната идејна и содржинска арматура на своите слики. И покрај тоа што на пример разликите меѓу енформелот и радикалниот реализам укажуваат на една драстична стилска диференцираност, таа кај авторот во содржинска и ликовна смисла се претвора во неверојатна кохерентност: од аморфната сликарска и несликарска магма, наеднаш но сосема логично и очекувано, се пробиваат некогаш визуелно отсутните психограми на луѓето. Атмосферата, пе-

нетрантноста на идејата, црно-белото, грчот и болот останале неизменети. Трансформиран е само начинот на соопштување, за да бидат пораките поексплицитни, подекларативни, побезмилосни.

За да ѝ даде што поубедлива структура на сликата користи збир на искуства акумулирани од сферите на филмот, фотографијата, литературата, сликарството и скулптурата. Не се задржува на црпењето од современите медиуми. Ликовното проседе го гради на вистинитоста специфична за поп-артот, на метафизичката димензија на социјалистичкиот реализам и на непогрешната објективност на фото-камерата. Во тоа безкомплексно позајмување од различни „религии" го инкорпорира вистинскиот, банален предмет (чевел, плочка, славина, копче...) и конечно, преку една мошне возбудлива форма на идеен и ликовен пароксизам ја изградува својата уметничка морфологија — индивидуалната визија на еден полнокрвен, поживотен живот од постоечкиот.

Севкупноста на оваа експресија го подразбира виталниот придонес на chiaro—scuro—то, понудено како израз на една пошироко третирана конфронтација што се движи од сугестиите на доброто и злото преку убавото и грдото до вистината и лагата. Црно-белите односи, во кои инцидентно проблеснува бојата, ги доведуваат до кулминација драматичната изразеност и предупредувачкиот аспект на авторовите сведочења и заклучоци.

За ова творештво тешко е да се пронајде адекватна стилска детерминација: Мика Поповиќ **не се покорува** слепо на стилот, медиумот или на некоја уметничка област. Ако на нешто му робува тоа е **кодексот на вистината.** Затоа би се обидела неговиот субјективен ликовен јазик да го оквалификувам како хуманистички или надобјективен реализам.

Соња Абациева Димитрова

Мића Поповиќ е роден 1923 година во Подринска Лозница. Студирал на Академијата за ликовни уметности во Белград, во класата на професорот Иван Табаковиќ.
Член на Друштвото на српските уметници „Лада". Живее и работи во Белград.
Адреса: Студентски трг, 19, 11000 Београд

MIĆA POPOVIĆ, born in Podrinska Loznica, in 1923.
Attended the Professor Ivan Tabaković' s class at the Academy of Fine Arts in Belgrade.
Member of the Serbian Society of Artists „Lada".
Lives and works in Belgrade.
Address: Studentski trg, 19, 11000 Beograd

НАГРАДИ

PRIZES

1961 — Награда за сликарство на Октомврискиот салон во Белград
1962 — Награда на „Матица српска": 10 години уметнички колонии во Војводина
1963 — Награда за сликарство: „Салон 63", Риека
1965 — Награда „Анале", Ровињ
1968 — Награда „Седмата деценија на југословенското сликарство", Сомбор
1969 — Награда „Златна палета на ЈУЛУС", Белград
1975 — I Награда на Интернационална уметничка изложба на фигуративна уметност во Словен Градец
1977 — Награда на Интернационалната изложба на оригинален цртеж, Риека

ФИЛМСКА И ТЕАТАРСКА ДЕЈНОСТ

FILM AND THEATRICAL ACTIVITIES

1963 Сценарио и режија на долгометражниот филм „Човек од дабовата шума", Авала филм, Белград
1965 Режија на театарската претстава „Виктор или деца на власт", од Витрак, Атеље 212, Белград
1966 Сценарио и режија на долгометражниот игран филм „Рој", Авала филм, Белград
1967 Сценарио и режија на долгометражниот игран филм „Хасанагиница", ФРЗ, Белград
1969 Сценарио и режија на долгометражниот игран филм „Јуначишта", Авала филм, и Кино-Клуб, Белград
1970 Режија на долгометражниот игран филм „Бурдуш", Авала филм, Белград
1975 Сценографија за театарската претстава „Емигранти" од Мрожек, Атеље 212, Белград
1977 Скици за костими за претставата „Ој Србијо", Атеље 212, Белград

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

ONE — MAN SHOWS

1950 — Белград, Уметнички павилјон.
1952 — Белград, Музеј на Вук и Доситеј
— Париз, Галерија Барбизон
1955 — Белград, Уметнички Павилјон
— Загреб, Музеј за применета уметност
1956 — Хаг, Галерија Плас
— Загреб, Клуб на писателите
— Нови Сад, Трибина на младите
1958 — Париз, Галерија Барбизон
1960 — Белград, Галерија на Музејот за применета уметност
1963 — Белград, Салон на Модерната галерија
1971 — Белград, Салон на Музејот на современа уметност
— Ниш, Галерија на современата уметност
1972 — Зрењанин, Изложба на цртежи
1973 — Белград, Графички колектив, Изложба на цртежи
1974 — Белград, Културен центар
1975 — Берлин, Галерија Милано
1976 — Дубровник, Галерија Себастијан
— Минхен, Галерија Лаутерер
— Земун, Народен театар, Изложба на цртежи
1977 — Берлин, Галерија Милано
— Нови Сад, Мал ликовен салон
— Апатин, Галерија на графичкиот колектив Меркур
1978 — Сомбор, Галерија Ликовна есен

ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ

GROUP SHOWS

1939 — Белград, XIII Есенска изложба на белградските уметници
1946 — Белград, III Изложба на УЛУС
1947 — Белград, IV Изложба на УЛУС
1948 — Белград, VI Изложба на УЛУС
1949 — Белград, VIII Изложба на УЛУС
1953 — Белград, XVI Изложба на УЛУС
— Париз, Музеј на модерната уметност, XI Народен салон
1954 — Белград, XVIII изложба на УЛУС
— Риека, Салон 54
— Лион, 60 дела на современото југословенско сликарство
1956 — Париз, Галерија Барбизон: Сеќавање и присуство, Манхајм, Друштво на ликовните уметници на Манхајм: Париска школа
— Скопје, Изложба на УЛУС
1958 — Минхен, Четири југословенски уметници
1961 — Белград, XXXII Изложба на УЛУС
— Осло, Галерија Бригита Берге: 12 југословенски сликари
— Риека, Салон 61
— Висбаден, Современа југословенска уметност
— Белград, Изложба „Златно перо"
— Белград, I Триенале на ликовните уметности
— Белград, II Октомвриски салон
— Словен Градец, Современо српско сликарство
— Лондон, Тејт Галерија: Современа југословенска уметност
— Париз, Музеј на модерната уметност: Современа југословенска уметност
— Александрија, IV Медитеранско биенале
1962 — Бруклин, XXI Биенале на акварели
— Венеција, 25 југословенски сликари
— Нови Сад, Сента: 10 години уметнички колонии во Војводина
— Белград, III Октомвриски салон
— Суботица, Ликовни средби Палиќ
— Сомбор, Ликовна есен
— Стокхолм, Современа југословенска уметност
— Рим, Современа југословенска уметност
— Њу Делхи, Бомбај, Ахмадабад, Калкута, Коломбо: Современа југословенска уметност
1963 — Атина, Солун; Современа југословенска уметност
— Риека, Солун 63
— Дубровник, 8 Југословенски сликари
— Белград, IV Октомвриски салон
— Суботица, Градска изложбена галерија: Апстрактен пејзаж
— Феанца, Салон 63
— Стокхолм, Југословенска уметност
1964 — Белград, Сајмиште: II Триенале на ликовните уметници
— Загреб, Модерна галерија ЈАЗУ: Современа српска уметност
— Белград, Изложбен павилјон: V Октомвриски салон
— Белград, Галерија на КНУ: Изложба на наградени дела од досегашните Октомвриски салони
— Бремен, Југословенски сликари
1965 — Белград, VI Октомвриски салон
— Белград, Уметнички павилјон: XXXVII Изложба на „Лада"

1966 — Вашингтон, Фресно, Денвер, Милвоки: Југославија — современи тенденции
— Нови Сад, Работнички универзитет: 45 слики од повоената српска уметност
— Белград, VII Октовмриски салон
— Белград, Уметнички павилјон: XXXVIII Изложба на „Лада“
— Пореч, Градска изложбена галерија: Анале
— Ровињ, Градски музеј: Анале

1967 — Москва, Остварувања во Музејот на современата уметност
— Белград, Културен центар: Критичарите одбраа

1968 — Њујорк, Уметничка галерија „Адриа“: Уметноста во Југославија
— Словен Градец, Современа српска уметност
— Белград, III Триенале на ликовните уметности
— Белград, VIII Октомвриски салон
— Белград, Уметнички павилјон: XLIV Изложба на УЛУС
— Белград, Уметнички павилјон: XXXIX Изложба на „Лада“
— Задар, Синиот салон
— Ровињ, Градски музеј: Анале
— Монтреал, Современа југословенска уметност
— Белград, Галерија на културниот центар: Портрети на белграѓани
— Белград, IX Октомвриски салон.
— Белград, Уметнички павилјон: XL Изложба на „Лада“.
— Задар, Синиот салон
— Ровињ, Градски Музеј: Анале
— Сомбор, Градски музеј: Седмата деценија во југословенското сликарство
— Белград, Уметнички павилјон: Градот, човекот, фантазијата
— Филаделфија, Чикаго; Југословенска уметност

1969 — Белград, X Октомвриски салон
— Белград, XLIII Изложба на УЛУС
— Белград, Уметнички павилјон: XLI Изложба на „Лада“
— Кралево, Работнички универзитет: „Лада“
— Ровињ, Градски музеј: Анале
— Белград, Галерија на УЛУС: Колекцијата на Рајко Мамузиќ

1970 — Белград, XI Октомвриски салон
— Белград, IV Триенале на ликовните уметности
— Белград, L Изложба на УЛУС
— Белград, Уметнички павилјон: XLII Изложба на „Лада“
— Задар, Синиот салон
— Сомбор, Градски музеј: Ликовна есен
— Чачак, Меморијал на Надежда Петровиќ
— Ровињ, Градски музеј: Анале

1971 — Париз, Гран Пале: Уметноста во Југославија од праисторијата до денес

1975 — Словен Градец, Интернационална изложба на фигуративната уметност
— Мексико Сити, Современа југословенска уметност

1976 — Риека, Модерна галерија: Интернационална изложба на оригинален цртеж
— Компионе, Меѓународно ликовно биенале

1977 — Атина, Современа југословенска уметност
— Белград, V Триенале на ликовните уметности
— Рим, Современа југословенска уметност
— Солун, Современо српско сликарство

К А Т А Л О Г

1. ГОЛЕМИОТ ЦРН ПОЈАДОК, 1970
акрилик на платно, 200 x 150
2. ГРАФИКОНОТ НА ГВОЗДЕН, (I-IV), 1970
акрилик на платно, 100 x 324
3. ВЕРА, 1971
акрилик на платно, 174 x 139
4. НАСАД, 1972
акрилик на платно, 160 x 160
5. ЗАЧЕТОК, (I—III), 1973
акрилик на платно, 360 x 100
6. ОТКРИВАЊЕТО НА БРОЈГЕЛ, 1974
акрилик на платно, 195 x 300
7. ФРАНКФУРТСКА ВЕНЕРА, 1974
акрилик на платно, 165 x 165
8. ГВОЗДЕН НАДСИРНА ВО ЈАВНАТА КУЌА, (I—II), 1974
акрилик на платно, 165 x 330
9. „125“, 1974
акрилик на платно, 60 x 50
10. РУЧОК, 1974
акрилик на платно, 81 x 100
11. ПРЕДМЕТИ НА ШПАНСКА МАСА, 1975
акрилик на платно, 200 x 170
12. МЕТАЛЕН СЈАЈ, 1975
акрилик на платно, 60 x 70
13. БУДИЛНИК, 1976
акрилик на платно, 25 x 18
14. ГРАДИТЕЛИ, 1977
акрилик на платно, 80 x 170
15. ГРАДИТЕЛ, 1977
акрилик на платно, 60 x 70
16. СААТЧИЈА, 1977
акрилик на платно, 70 x 170
17. ВТОРА КЛАСА, 1977
акрилик на платно, 200 x 170
18. МУГРИ, 1977
акрилик на платно, 200 x 170
19. НЕ, БЛАГОДАРАМ!, 1977
акрилик на платно, 200 x 170
20. НЕДЕЛА ВО СЕПТЕМВРИ, ПЕТ ЧАСОТ ПОПЛАДНЕ, 1977
акрилик на платно, 200 x 170
21. ПОСЛЕДЕН ЛИСТ, 1978
акрилик на платно, 250 x 195
22. ПРЕД СИДОТ, 1978
акрилик на платно, 250 x 195
23. БАВАРСКА КОМБИНАЦИЈА, 1978
акрилик на платно, 200 x 170
24. ИДИЛА, 1978
акрилик на платно, 115 x 250
25. УРБАНИЗАМ (ВАРИЈАНТА), 1978
акрилик на платно, 195 x 305
26. — 36. Цртежи со молив

CATALOGUE

THE BIG SABLE BREAKFAST
GVOZDEN'S GRAPH
VERA
PLANTATION
ORIGIN
REVETATION OF BRÜEGEL
VENERA FROM FRANKFURT
GVOZDEN PEEPING AT THE BROTHEL
„125"
DINNER
OBJECTS ON A SPANICH TABLE
METALIC LUSTRE
AN ALARM—CLOCK
BUILDERS
A BUILDER
A WATCHMAKER
SECOND CLASS
DAWNS
NO, TNANK YOU!
ONE SUNDAY AFTERNOON IN SEPTEMBER, AT 5 0'CLOCK
THE LAST LEAT
AGAINST THE WALL
THE BAVARIAN COMBINATION
IDYLL
CITY PLANNING (A VARIANT)
PENCIL DRAWINGS

ОДБРАНА БИБЛИОГРАФИЈА

SELECTED BIBLIOGRAPHY

П. Васић.: Прва самостална изложба сликара Миће Поповића, Политика, Белград, 28. IX. 1950.

М. Стевановић: Изложба сликара Миће Поповића, Књижевне новине, Белград, 10. X. 1950.

М. Б. Протић: Изложба слика Миће Поповића, Глас, Белград, X. 1950.

Б. Поповић: Свежа крв, НИН, Белград, XI. 1951.

М. Радосављевић: Уз изложбу слика Миће Поповића, НИН, Белград, V. 1952.

П. В.: Село Непричава, Политика, Белград, 5. V. 1952.

А. Челебоновић: Мића Поповић, Борба, Белград, V. 1952.

С. Богојевић: Село Непричава, Књижевне новине, Белград, 24. V. 1952.

R. Vrinat: Actualité artistique internationale, Париз, 18. IV. 1953.

B: Mića Popović, Arts, Париз, 27. IV 1953.

H. H.: Mića Popović, L'amateur d'art, Париз, IV. 1953.

В. Величковић: Разговор са Мићом Поповићем, Лист младих, Белград, XII, 1953.

Ото Бихаљи Мерин: Седамнаест платна Миће Поповића, Сведочанства, Белград, V. 1953.

М. Б. Протић: Савременици, Нолит, Белград, 1955.

S. Vareš: Od magle do kostiju, Vjesnik u srijedu, Zagreb, 19. IX. 1955.

M. Bašićević: Mića Popović, Vjesnik, Zagreb 11. IX. 1955.

I. Pavković, Mića Popović, Novine mladih, Zagreb, 9. IX. 1955.

П. В.: Две фебруарске изложбе, Политика, Белград, 14. II. 1955.

А. Челебоновић: Симбол као израз, Борба, Белград, 20. II. 1955.

М. Б. Протић: Изложба Миће Поповића, НИН, Белград, 6. II. 1955.

D. G.: Zanimljiva izložba Miće Popovića, Vjesnik, Zagreb, 7. II. 1955.

В. Михаиловић: Од магле до костију, Видици, Белград, II. 1955.

А. Челебоновић: Једно симболично сликарство, Међународна политика, бр. 119 1955.

M. Meštrović: Izložba Miće Popovića u Zagrebu, Slobodna Dalmacija, Split, 18. XII. 1957.

М. Максимовић: Мића Поповић, Политика, Белград, 20. XI. 1960.

З. Павловић: Црно-сиве варијације, Рад, Белград, 10. XII. 1960.

Б. Поповић: Енформел Миће Поповића, Борба, Белград, 1960.

Р. Константиновић: Повратак материје, НИН, Белград, 25. XII. 1960.

Д-р Лазар Трифуновић, Предговор за каталог на самостојна изложба, Салон на модерната галерија, Белград, 10. XI. 1963.

Алекса Челебоновић: Савремено сликарство у Југославији, Југославија, Белград, 1963.

Владимир Розић: Мића Поповић, Књижевне новине, Белград, 1963.

Драгослав Борђевић: Поезија и драма материје, Изложба слика Миће Поповића у салону Модерне галерије, Борба, Белград, 23. X. 1963.

Д-р Лазар Трифуновић: Самоубиство слике, Размишљања над једном изложбом у салону Модерне галерије, Политика, Белград, 27. X. 1963.

Ђрђе Кадијевић: Мића Поповић, НИН, Белград, 27. X. 1963.

П. В.: Слике Миће Поповића, Политика Белград, 25. X. 1963.

М. Б. Протић: Мића Поповић, Савременици II, Нолит, Белград.

Момо Капор: Мића Поповић, Вечити термин смрти, Књижевне новине, Белград, V. 1965.

Д-р Лазар Трифуновић: Српска ликовна критика, Српска књижевна задруга, Белград, 1967.

Миодраг Б. Протић, XX век. уметничко благо Југославије, Југославија, Белград, 1969.

Лазар Трифуновић: Монографија за Мића Поповић, Цртежи, 1973.

Добрица Ћосић: Призори Миће Поповића, Монографија, 1975.

Миодраг Павловић: Нове сликарске године Миће Поповића, Књижевна реч, бр. 35. III. 1975.

Josip Škunca: Mića Popović u galeriji Sebastijan, Vjesnik, Zagreb, 16. VI. 1976.

Erish Pfeiffer—Belli: Ein genialishez Jugoslave, Süddeutshe Zeitung, Münshen, 26. XI. 1976.

R. F.: Ein bekantez Mahler Münshener Merkur, Münshen, 27. XI. 1976.

Павле Васић, Привлачност радозналости, Политика, Белград, 13. VIII. 1977.

Зоран Маркуш: Реалност нашег уметничког тренутка, Борба, Белград, 16. VII. 1977.


2
NICHTRAUCHER
LF 27-HN
KP
BEOGRAD
ZAGREB LJUBLJANA
SALZBURG - MUNCHEN
DORTMUND





Издава:

Музеј на современата уметност Скопје

Предговор:

Соња Абациева Димитрова

Подготовка на каталог и организација:

Александар Ѓурчинов

Ликовно обликување:

Димитар Малиданов

Превод на англиски:

Невенка Лазеска

Фотографии:

Миодраг Ѓорѓевиќ

Печатница:

ООЗТ „Светлост“ — Графички — Скопје

Тираж:

500 примероци